Согласно со чл.7,17 и 54 од Законот за Детска заштита (Сл.Весник на Република Македонија бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 92/15, 27/16, 163/17 и 21/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 164/19) основа на член 22 став 1 точка 7 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 21 точка 8 од Статутот на Општина Лозово, Советот на Општина Лозово на седницата одржана на 12.12.2022 год ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА СРЦКО ВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

Во Општина Лозово, се изгради нова Детска градинка во соработка со Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија. Со Одлука на совет на Општина Лозово се именува како Детска градинка СРЦКО во Општина Лозово.

Во новата Детска градинка СРЦКО во Општина Лозово согласно со Правилникот на систематизација има вработувања е  именуван В.Д Директор на Детската градинка СРЦКО во Општина Лозово.

Министерство за финансии ќе обезбеди блок дотации за кои ќе бидат пуштени на Буџетот на Општина Лозово, но преку оваа програма Општина Лозово во Буџетот за 2023год ќе обезбеди финансиски средства за потребната дополнителна средства за Детската градинка СРЦКО во Општина Лозово.

Согласно со чл.7,17,54 од Законот за Детска заштита (Сл.Весник на Република Македонија бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 92/15, 27/16, 163/17 и 21/18 и Службен Весик на Република Северна Македонија бр.104/19, 164/19), Облици на заштита на деца, во смисла на овој закон се: згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца и други облици на заштита. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниоти социјалниот развој Пна детето до шест години живот, односно вклучување во основното образование. Државата како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата, организирање и обезбедувањена развој на установи и служби за заштита на децата.

| ред.бр | Планирани активности | Планирана вредност |
|---|---|---|
| 1 | Детски играчки | 30.000 |
| 2 | Посета на зоолошка | 20.000 |
| 3 | Новогодишна забава | 30.000 |
| 4 | Ден на градинката и 1Април-приредба | 30.000 |
| | Вкупно | 110.000 |

Овие средства ќе бидат наменети за реализација на програми за целодневен престој, полудневен престој, вонинституционални форми (вклучување на децата во забавни програми и манифестации, опфат на деца кои немаат можност да посетуваат градинка) и изборни активности (изучување на странски јазици- англиски, мала балетска школа, спортски активности), набавка на детски играчки, опрема и сл.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Лозово а ќе започне да се применува од 01.01.2023год

**Дата**
**12.12.2022год.**

**Претседател на совет**
**на Општина Лозово**

____________________

**Владе Миланов**

Изготвил:Анкица Анакиева